STIROPOR KATER - УПАТСТВО

Програма за сечење стиропор со жешка жица (оски X и Y, GRBL контролер).
Демо: 60 дена од инсталацијата, потоа регистрација (дел 7).

Инсталации (иста програма, проектите .stk се исти за сите):
- Stiropor-Kater-Setup-X.X.exe - Windows 10 / 11 (64-битен)
- Stiropor-Kater-Win7-Setup-X.X.exe - Windows 7 SP1, 8, 8.1 (32/64-битен)
- Stiropor-Kater-Win7-Auto-Offline-Setup-X.X.exe - Windows 7 и без SP1
  (околу 1,5 GB, ги содржи сите Microsoft делови, не бара интернет)

WINDOWS 7 - ИНСТАЛАЦИЈАТА ВОДИ ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

Пред инсталирањето се прикажува „Подготовка на Windows“: што е присутно, а што ќе се инсталира. Редослед: подготовка за SP1 (KB2533552) -> Service Pack 1 -> Microsoft Visual C++ 2015 (UCRT) -> Stiropor Kater. Присутните делови се прескокнуваат. Со ваша согласност се пуштаат официјалните Microsoft инсталатори (проверени со SHA-256). Windows може да побара дозвола и рестартирање; по најавување со ИСТИОТ корисник инсталацијата продолжува сама.
Малата Win7 инсталација го нема SP1: ако недостасува, објаснува и нуди копче до страницата на Microsoft, или користете го Auto-Offline.
За SP1 потребни се 10 GB (32-бит) / 14 GB (64-бит) слободно на C:.
Не тестирано на чист Windows 7 - пријавете ако нешто запне.

1. ПРВО ПОВРЗУВАЊЕ СО МАШИНАТА

- Приклучете ја машината на USB и вклучете ја.
- Во делот "Masina (GRBL)" притиснете ↻, изберете го портот (COM...) и притиснете "Povrzi". Брзината е најчесто 115200.
- Ако нема порт: на поголемиот дел машини треба драјвер CH340 или CP2102 (Windows 10/11 обично сам го инсталира преку Windows Update).
- Ако состојбата е ALARM, притиснете "Odkluci".
- ПРВИОТ ПАТ пробајте БЕЗ стиропор и со ИСКЛУЧЕНА жица: со копчињата X+ X- Y+ Y- проверете дали оските одат во точната насока.

2. ЦРТЕЖ ИЛИ ТЕКСТ

- "Otvori SVG / DXF": цртеж од Corel, Inkscape, AutoCAD...
- "Oblik (pravoagolnik / krug)" (Ctrl+Shift+B): правоаголник (и со заоблени агли), квадрат, круг или елипса со точни мерки во mm.

Се појавува на средина на работната површина - добро за пробно сечење.
Текстот во SVG прво претворете го во криви (Corel: Ctrl+Q,
Inkscape: Path > Object to Path).
- Слика (PNG, JPG, BMP, GIF, TIF, WEBP): "Otvori" ја претвора во
контура за сечење. Во прозорецот се гледа сликата и контурата (сино):
"Forma se" - кој дел се сече (темното, светлото или непровидното кај
PNG со провидна позадина); "Prag" - каде е границата темно/светло;
"Obratno" - ги заменува формата и позадината; "Maznost" - 0 = точно по
пикселите, 2-3 = мазни криви; "Ignoriraj damki" - отстранува ситни
точки; "Sirina" - колку mm да биде широка формата.
Најдобро работи со јасни, контрастни слики (лого, силуета, црно на
бело). Сликата може да се вметне и во текст со "Vmetni od fajl...".
- "Dodadi tekst": фонтови од Windows (и кирилица), висина на голема
буква во mm, растојание меѓу буквите, повеќе редови.
Со негативно растојание буквите се спојуваат во едно парче.
"Postament" додава заедничка греда под буквите.
- "Simboli" (во прозорецот за текст): вметнува знак (срце, ѕвезда,
снегулка...) каде е курсорот, пр. "I ♥ YOU". Со постамент, знакот
останува на истата греда. "Golemina na simbolite" го зголемува или
намалува знакот во однос на буквите. За поцврста врска со гредата
зголемете "Preklop so bukvite".
- "Vmetni od fajl..." (во прозорецот за текст): вметнува ваш знак од
SVG или DXF фајл (срце, лого, снегулка...) каде е курсорот. Во полето
се гледа како мала сликичка, а во прегледот стои во ред со буквите,
висок колку голема буква ("Golemina na simbolite" го менува). Со
постамент е на истата греда. Знакот се чува во текстот, па подоцна
може да се уредува и без оригиналниот фајл. Се брише како буква.
- "Spoi": ги спојува избраните објекти во едно парче (како Weld во
Corel). Повеќе објекти се избираат со Ctrl + клик или со влечење
правоаголник околу нив. Пр. снегулка од SVG ставена на постамент.
- "Poredi + postament": за "I ♥ you" од посебни објекти (текст "I",
знак од SVG или текст, текст "you"). Поставете ги приближно по ред
лево -> десно, изберете ги (Ctrl + клик) и притиснете го копчето.
Се редат во иста линија (буквите како у, р, ј правилно), се додава
заедничка греда и се спојува во едно парче.
Споените објекти ("Poredi" и "Spoi") ги паметат деловите: "Podeli"
на зборови или букви ги враќа одделно, на истите места (без гредата).
- "Vrati" (Ctrl+Z): го враќа последниот чекор (додавање, бришење,
Podeli, Spoi, Poredi, уредување текст).
- Двоен клик на текстот го отвора за уредување.
- "Podeli": на редови, зборови, букви или посебни парчиња.
Секој дел останува на истото место.
- Објектите се влечат со глувчето или се внесува точна позиција
и големина (mm). Тркалце = зум, десен клик + влечење = поместување.

3. ПОСТАВКИ ЗА СЕЧЕЊЕ

- Nacin:
  * Avtomatski - жицата оди од парче до парче по најкраткиот пат.
  * Sekoja bukva posebno (od gore / od dole) - жицата се движи по линија над/под цртежот, се спушта до буквата, ја сече и излегува по истиот пат. "Linija za premin" мора да биде НАДВОР од стиропорот.
- Brzina: брзина на сечење во mm/min (зависи од жицата и стиропорот).
- Kerf: ширина на резот што ја топи жицата. Позитивно = парчето ја задржува точната мера.
- Start X / Y: каде стои жицата на почеток (надвор од стиропорот). Таму се враќа и на крај.
- На екранот: црвено = рез по формата, портокалово = влез/враќање.

4. ПРЕГЛЕД И ВИРТУЕЛНА МАШИНА (БЕЗ ВИСТИНСКА МАШИНА)

- "Pregled" (во делот Secenje): анимација како ќе се сече со поставените параметри. Изберете брзина на анимацијата (10x = десет пати побрзо), со лизгачот се скока напред/назад. Исеченото се бои зелено, жолтиот крст е жицата. Долу пишува времето и што прави жицата (рез, влез, враќање).
- "Virtuelna masina (simulacija)" во листата на портови: се однесува како вистинска GRBL машина (поврзување, X/Y копчиња, Home, Odkluci, нула, Start, Pauza, STOP). Брзината се избира (1x = вистинско време). Патот на машината се црта виолетово.

5. СЕЧЕЊЕ

- Поставете ја жицата на почетната позиција и притиснете "Postavi nula tuka" (ако стартот е 0,0).
- "Start" -> потврдете -> сечење. "Pauza" го запира движењето, "STOP" целосно прекинува.
- "Izvezi G-kod" го зачувува патот во фајл за друга програма.

Поставките се паметат и при следно отворање.

6. ПРОЕКТИ (ЗАЧУВАЈ / ОТВОРИ)

- Fajl -> "Zacuvaj proekt" (Ctrl+S): целата работа се зачувува во .stk

фајл - сите објекти, текстовите (и вметнатите знаци), споените објекти со нивните делови и поставките за сечење.
- Fajl -> "Otvori proekt" (Ctrl+Shift+O) или двоен клик на .stk фајл.
- "Posledni proekti": последните 10 отворени проекти.
- "Nov proekt" (Ctrl+N): празна работна површина.
- Ѕвездичка (*) во насловот = има незачувани промени. При излез, нов или друг проект, програмата прашува дали да се зачува.
- "Ogledalo ↔" превртува лево-десно, "Ogledalo ↕" горе-долу.
- Големина со глувчето: околу избраниот објект има 8 жолти рачки. Аглите ја менуваат големината со исти пропорции (ако е вклучено "Proporcii"), страните го растегнуваат само во ширина или висина. Се враќа со Ctrl+Z.
- Ротирање (на пр. кога Y оската е куса, објектот се става легнат): копчињата "↺ 90°", "↻ 90°", "180°" (или Ctrl+R / Ctrl+Shift+R), или влечење на зеленото кругче над избраното (со Shift: по 15°). Се ротираат само избраните објекти. Повеќе избрани се вртат заедно, околу нивниот центар. Ако по ротирањето излезат лево или под површината, се враќаат внатре.
- Лентата горе ги покажува X, Y, ширината и висината на избраното. Може да се впишат и директно. Ако се избрани повеќе објекти, важат за целата група.

7. ДЕМО И РЕГИСТРАЦИЈА

- Програмата работи 60 дена бесплатно, со сите делови. Долу десно пишува колку дена останале.
- По 60 дена сечењето и извозот на G-код се заклучени. Цртежите и проектите остануваат: може да се отвораат, менуваат и зачувуваат.
- Регистрација: Pomos -> Demo / Registracija (или клик на натписот DEMO долу десно). Испратете ја шифрата на компјутерот (SK-XXXX-XXXX-XXXX-XXXX) и името на фирмата до anfilsoft@gmail.com (копчето "Isprati po e-posta..." ја пишува пораката). Добиениот клуч залепете го или отворете го .sklic фајлот, па AKTIVIRAJ.
- Клучот важи за овој компјутер. Може да е траен или до датум; 30 дена пред истекот програмата предупредува.
- Нов компјутер или преинсталиран Windows бара нов клуч.
- Повторна инсталација не почнува нов демо период. Не враќајте го датумот на компјутерот наназад - програмата го препознава тоа.
- Надградба: новиот Setup се пушта врз стариот. Проектите и регистрацијата остануваат.

КРАТЕНКИ НА ТАСТАТУРАТА

- Ctrl+Z врати, Ctrl+S зачувај, Ctrl+N нов проект, Ctrl+Shift+O отвори

- Ctrl+A избери ги сите, Ctrl+C копирај, Ctrl+X исечи, Ctrl+V залепи
  (секое лепење е поместено 10 mm), Ctrl+D дуплирај, Delete избриши
- Ctrl+T текст, Ctrl+Shift+B облик, Ctrl+O SVG/DXF, Ctrl+E извези G-код, F цела површина,
  Ctrl+K конзола

Pogled -> Konzola (Ctrl+K): пораките од машината и рачни GRBL команди.
Се отвора сама ако машината јави грешка или аларм.